20130982370

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012 и 16/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 20 мај 2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНА ЦЕНА ЗА ХЕМОДИЈАЛИЗЕН ТРЕТМАН СОГЛАСНО УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ЛЕКУВАЊЕТО СО ДИЈАЛИЗА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува референтна цена на пакет на завршена епизода на лекување – хемодијализен третман согласно Упатството за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на лекувањето со дијализа, кај хронична бубрежна инсуфициенција, која е на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија, го плаќа пакетот – хемодијализен третман кај хронична бубрежна инсуфициенција на здравствените установи по референтна цена од 5.400,00 денари.

Референтната цена ги опфаќа трошоците за хемодијализниот третман и дијагностичките испитувања согласно Упатството за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на лекувањето со дијализа.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1.1.2014 година.

Одлуката за утврдување на референтна цена за хемодијализен третман кај хронична бубрежна инсуфициенција објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.67/2009 година, престанува да важи сметано од 1.1.2014 година.

Бр. 02–7619/1
3 јуни 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.